VOL. 2 NO. 4
SKOPJE 2024

# BHHS
## balkan hip hop studies
journal of hip hop & urban culture




БХХС/BHHS, 4/2024

WWW.BALKANHHS.COM

УРБАН ИНСТИТУТ

ISSN 2955-2192
ISSN 2955-2206

# БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ (БХХС)

**Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура**

# BALKAN HIP HOP STUDIES (BHHS)

**International Journal of Hip Hop and Urban Culture**

ISSN 2955-2192 (печатена верзија) (printed)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија) (online)

**Год. II, Бр. 4** **Vol. II. No. 4**
**Скопје, 2024** **Skopje, 2024**

**БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ**
(БХХС)
Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура

ИЗДАВА
Урбан Институт-Скопје

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Славчо Ковилоски

РЕДАКЦИЈА
Јулијана Папазова
Александар Ковилоски
Елена Пренцова

МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР
Антоанела Петковска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија
Ристо Солунчев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија
Венцислав Димов, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија
Грегор Помпе, Универзитет во Љубљана, Словенија
Мојца Кревел, Универзитет во Љубљана, Словенија
Звонко Танески, Универзитет „Коменски“, Братислава, Словачка
Јелена Арсенијевиќ Митриќ, Универзитет во Крагуевац, Србија
Татјана Вукелиќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Сребренка Мачковиќ, Универзитет во Сараево, Босна и Херцеговина

НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ
Гоце Трпков – ДЈ Гоце САФ, Тони Петковски – Тони Зен, Огнен Андоновски – ДЈ Бугимен, Александар Кацарски – Кацар, Стефан Марковски, Драган Ѓорѓевиќ

**BALKAN HIP HOP STUDIES**
(BHHS)
International Academic Journal of Hip Hop and Urban Culture

Publisher
Urban Institute-Skopje

EDITOR-IN-CHIEF
Slavcho Koviloski

EDITORIAL BOARD
Julijana Papazova
Aleksandar Koviloski
Elena Prendjova

INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD
Antoanela Petkovska, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia
Risto Solunchev, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia
Ventsislav Dimov, St. Kliment Ohridski University in Sofia, Bulgaria
Gregor Pompe, University in Ljubljana, Slovenia
Mojca Krevel, University in Ljubljana, Slovenia
Zvonko Taneski, Comenius University in Bratislava, Slovakia
Jelena Arsenijević Mitrić, University in Kragujevac, Serbia
Tatjana Vukelić, University in Rijeka, Croatia
Srebrenka Mačković, University in Sarajevo, Bosnia and Hercegovina

EXTERNAL COLLABORATORS
Goce Trpkov – DJ Goce SAF,
Toni Petkovski – Toni Zen, Ognen Andonovski – DJ Boogieman,
Aleksandar Kacarski – Kacar, Stefan Markovski, Dragan Đorđević

Меѓународното научно списание *Балкански хип-хоп студии* излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница: www.balkanhhs.com

Јазично уредување на македонски јазик:
Верица Тоциновска

Јазично уредување на англиски јазик:
Елена Пренцова

Графичко уредување и корица:
Славчо Ковилоски
Стефан Марковски
Ѓорѓи Лазаревски

Печати:
Академска мисла – Скопје

Тираж:
100

Трудовите во списанието се објавуваат на: македонски јазик, англиски јазик, словенските јазици.
Трудовите се рецензираат.

ISSN 2955-2192 (печатена верзија)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија)

The International Scientific Journal *Balkan Hip Hop Studies* is issued twice a year in printed form and online at the following website:
www.balkanhhs.com

Macedonian Language Proofreading:
Verica Tocinovska

English Language Proofreading:
Elena Prendjova

Technical Editors:
Slavcho Koviloski
Stefan Markovski
Gjorgji Lazarevski

Printed by:
Akademska misla – Skopje

Copies:
100

Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English and all Slavic Languages.
All papers are peer-reviewed.

ISSN 2955-2192 (printed)
ISSN 2955-2206 (online)

## СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS

ПРЕДГОВОР
9
FOREWORD
10

**ТЕКСТОВИ / PAPERS**

Дејан Методијески. МУЗИЧКИ ОПУС НА НЕЗАВИСНИОТ ХИП-ХОП ИЗДАВАЧ АРЕНА РЕКОРДС
(Dejan Metodijeski. MUSICAL OPUS OF ARENA RECORDS INDEPENDENT HIP HOP LABEL)
13-22

Александар Ковилоски. КАКО СЕ ЈАВУВА ПОТКУЛТУРАТА?
(Aleksandar Koviloski. HOW SUBCULTURE EMERGES)
23-33

Dragan Đorđević. RASIPANJE HIP-HOP ISTORIJE
(Dragan Đorđević. SCATTERING OF HIP-HOP HISTORY)
35-53

Билјана Рајчинова-Николова. ХИП-ХОПОТ И РАП МУЗИКАТА КАКО ПРОВОКАЦИЈА И ИНСПИРАЦИЈА ЗА ФИЛМОТ *8 МИЛЈА*
(Biljana Rajchinova-Nikolova. HIP HOP AND RAP MUSIC AS PROVOCATION AND INSPIRATION FOR *8 MILE* FILM)
55-76

Стефан Марковски. „АВТОМАТИЗИРАНА КРЕАТИВНОСТ“: ВЕШТАЧКОИНТЕЛИГЕНТИТЕ ЈАЗИЧНИ МОДЕЛИ И „НОВИТЕ СТАНДАРДИ“ НА „ПИШУВАЊЕ“ (ИЛИ ГЕНЕРИРАЊЕ) ХИП-ХОП ТЕКСТОВИ СО РАЗЛИЧНИ СТЕПЕНИ НА АВТЕНТИЧНОСТ
(Stefan Markovski. "AUTOMATED CREATIVITY": ARTIFICIAL INTELLIGENCE LANGUAGE MODELS AND THE "NEW STANDARDS" OF "WRITING" (OR GENERATING) HIP HOP LYRICS WITH VARIOUS DEGREES OF AUTHENTICITY)
77-82

Славчо Ковилоски. МАКЕДОНСКА ХИП-ХОП АКАДЕМИЈА: ПРВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРЕДАВАЊА ЗА ХИП-ХОП КУЛТУРАТА
(Slavcho Koviloski. HIP-HOP ACADEMY: THE FIRST MACEDONIAN LECTURES ON HIP-HOP CULTURE)
83-90

**РОК БЛОК / ROCK BLOCK**

Гергана Райжекова. РЕКОНСТРУИРАНЕ НА АЛТЕРНАТИВНАТА РОК СЦЕНА В БЪЛГАРИЯ ОТ НИЩОТО: НЕЗАВЪРШЕНИЯТ ТРИЪГЪЛНИК-ГРУПИТЕ, ПУБЛИКАТА И ДВАМАТА МЕНИДЖЪРИ
(Gerrgana Rayzhekova. RECONSTRUCTING BULGARIAN ALTERNATIVE ROCK SCENE FROM SCRATCH: THE UNFINISHED TRIANGLE – BANDS, AUDIENCE AND TWO MANAGERS)
91-109

Јулијана Папазова. АЛТЕРНАТИВНИОТ РОК ВО ЈУГОСЛАВИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА 1980-ТЕ ГОДИНИ
(Julijana Papazova. ALTERNATIVE ROCK IN YUGOSLAVIA IN THE 1980'S)
111-120

**ОСВРТ / REVIEW**

Александар Петровски. СВЕТИ НИКОЛЕ ХИП-ХОП ФЕСТ 2023
(Aleksandar Petrovski. 2023 SVETI NIKOLE HIP HOP FEST)
122-124

**ДОДАТОК / APPENDIX**

127-132

# ПРЕДГОВОР

Четвртиот број на БХХС, освен што е посветен на главната тема хип-хопот, се осврнува и се проширува со анализи на алтернативниот рок. Всушност, урбаната култура која се наоѓа во поднасловот на БХХС ни овозможува вклучување на широк спектар за анализи на популарната музика како дел од поновата музичка историја, која е отворена за интердисциплинарни студии.

Преку текстовите за хип-хопот имаме можност да ја (ре)откриеме историјата на хип-хопот од почетоците, па сѐ до денес. Со интердисциплинарен пристап, хип-хопот како поткултура, се анализира од историски и социо-политички аспект (Александар Ковилоски). Историјата на хип-хопот е надградена со паралелна анализа на корените на хип-хопот во САД и регионалниот хип-хоп преку темите за графити, брејкденс и бекпекинг (Драган Ѓорѓевиќ). Дадена е и анализа на филмот „Осмата милја“, а хип-хопот веќе е вклучен и во анализа на новите актуелни правци во информатичката технологија поврзани со вештачката интелигенција (Стефан Марковски). На локално ниво, имаме текст кој е посветен на македонската независна хип-хоп издавачка куќа „Арена рекордс“ (Дејан Методијески) и на првите предавања за македонската хип-хоп култура на академско ниво (Славчо Ковилоски).

Во овој број се вклучени резултати од повеќегодишни научни анализи за алтернативниот рок на територијата на Балканот (Гергана Рајжекова, Јулијана Папазова). Бугарскиот алтернативен рок е претставен преку релацијата на клубовите, публиката и менаџерите, а југословенскиот алтернативен рок е претставен преку темата на значењето на терминот „алтернативно“ и музичките сцени. На самиот крај, имаме осврт за „Хип-Хоп Фест 2023“ во Свети Николе (Александар Петровски).

*Редакцијата*

# FOREWORD

The fourth issue of BHHS, in addition to being dedicated to the main topic of hip hop, is addressed and expanded with an analysis of alternative rock. In fact, urban culture, mentioned in the subtitle of BHSS, allows us to include a wide spectrum of analyses of popular music, a part of recent music history, open to interdisciplinary studies.

Through the papers on hip hop, we have the opportunity to (re)discover the history of hip hop from its very beginnings until today. With an interdisciplinary approach, hip hop as a subculture is analyzed from a historical, social, and political point of view (Aleksandar Koviloski). The history of hip hop is enhanced with a parallel analysis of the roots of hip hop in the US and regional hip hop through the topics of graffiti, breakdance, and backpacking (Dragan Đorđević). An analysis of the film 8 Mile is also provided, and hip hop is already included in the analyses of new currents of IT related to AI (Stefan Markovski). At the local level, there is a paper on Arena Records, Macedonian independent hip hop publishing house (Dejan Metodijeski), and the first lectures on Macedonian hip hop culture at the academic level (Slavcho Koviloski).

This issue includes the results of multi-year scientific analyses of the alternative rock on the Balkan territory (Gergana Rayzhekova and Julijana Papazova). Bulgarian alternative rock is presented through the relationship of clubs, audiences, and managers, and Yugoslavian alternative rock is presented through the topic of the meaning of the term "alternative" and the music scenes. At the very end, there is a review for the 2023 Sveti Nikole Hip Hop Fest (Aleksandar Petrovski).

*The Editors*

БХХС/BHHS 4/2024
ISSN 2955-2192 (за печатената верзија) (printed version)
ISSN 2955-2206 (за веб верзијата) (online version)
УДК: 78.067.26:655(497.7)“1999/2015”

# МУЗИЧКИ ОПУС НА НЕЗАВИСНИОТ ХИП-ХОП ИЗДАВАЧ АРЕНА РЕКОРДС

**Дејан Методијески**
dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Во постоечкта литература постојат повеќе критериуми за поделба на музичките лајбели, а во зависност од нивниот обем на работење можеме да ги поделиме на два основни вида: големи издавачи и независни издавачи. Во урбаните центри во Македонија, хип-хоп културата започнува да навлегува во 80-те години на XX век, а кон средината на 90-те години на XX век започнуваат да се појавуваат и првите издавачки куќи. Целта на овој труд е да се направи анализа на музичкиот опус на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс. За потребите на трудот, користени се секундарни извори на податоци преку консултирањето на релевантна литература како и интернетот. Покрај тоа, преку спроведено интервју собрани се информации поврзани со историскиот развој на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс, соработките со артисти од земјата и странство, официјалните и неофицијалните изданија, музичката и видео продукција, промоцијата на албумите и др. Истражувањата за потребите на овој труд, покажуваат дека, музичкиот опус на официјални и неофицијални изданија од Арена рекордс во периодот 1999-2015 година вклучува 17 албуми на артисти и групи, од кои три се компилациски албуми.

**Клучни зборови:** хип-хоп, Македонија, издавачка куќа, Арена рекордс.

## Вовед

Релевантната научна литература посочува повеќе критериуми за поделба на музичките издавачки куќи. Музичките издавачки куќи или лајбели (бренд поврзан со музичка или видео продукција кој настапува на пазарот на музичката индустрија), во зависност од нивниот обем на работење можеме да ги поделиме на два основни вида (Schwartz, 2009): голем издавач (major label) и независен издавач (independent – indie label). Големите издавачи вообичаено се сметаат за „конзервативни ком-

пании“ изградени околу строги правила и продажен потенцијал, со можност да потпишат повеќе артисти и да потрошат повеќе пари за маркетинг и промоција од независните издавачи (Hearn, 2009). За големи издавачи во изминатите неколку декади се сметаат следните: Universal Music Group, Sony Music Entertainment и Warner Music Group, кои контролираат повеќе од 70% од музичката индустрија (Sadler, 2021). Независните издавачи се основаат како одговор на оваа констелација и работат независно од големите издавачки куќи кои доминираат на мејнстрим музичките пазари (Maeda, 2012). Независните имаат свој развоен пат и започнуваат да се појавуваат пред повеќе од 100 години (Preece, 2020). Тие, врз основа на нивниот обем можат да бидат поделени на големи, средни и мали или микро независни издавачи, кои понекогаш можат да претставуваат и само еден артист (den Drijver & Hitters, 2017). Во денешно време, во ерата на глобализацијата и напредните технологии, сè поголем број на артисти користат различни платформи за директна комуникација со консументите и понуда на музичката продукција, со што улогата на издавачите во музичката индустрија и музичкиот пазар значително се намалува (Hutchison et al., 2010).

Во урбаните центри во Македонија, хип-хоп културата започнува да навлегува во 80-те години на XX век (Miszczynski & Helbig, 2017), а на почетокот на 1990-те години се започнува со посериозно работење на полето на хип-хопот (Ковилоски & Ковилоски, 2005). Кон средината на 1990-те години започнуваат да се појавуваат и првите музички продукциски и издавачки куќи.

Во Македонија, музичките извадачки куќи кои се занимаваат со хип-хоп музичка и видео продукција се независни, а покрај Арена рекордс можеме да ги наведеме како примери и Ошав продукција, Шурикен рекордс, ДНС продукција и др.

За потребите на трудот беше спроведено неструктурирано интервју со основачот на Арена рекордс - Стојан Каевски (Човекот X), на кое беа собрани информации поврзани со историскиот развој на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс, соработките со артисти од земјата и странство, официјалните и неофицијалните изданија, музичката и видео продукција, промоцијата на албумите и др. Интервјуто беше спроведено лице в лице и истото беше со времетраење од три часа.

**Почетоци и развој на Арената**

Во 1996 година, Човекот X го основа независниот хип-хоп издавач Арена рекордс. Името на овој издавач произлегува од насловот на снимената песна „Човекот во арената“. Логото на овој издавач – профил

на змеј во округла форма, доаѓа како инспирација од популарната боречка видео игра Mortal combat. На почетокот, во Арена рекордс музички записи започнуваат да прават следните групи и артисти како: Човекот X и Деко, Браќа по крв (Профо и Братот Алек), Поинаков стил (Borolakaz, Marija4i, Видо), Пука Козметика и др. Подоцна се формира групацијата Клан Исток (Човекот X и Деко, Браќа по крв и Поинаков стил), а во Арена рекордс започнуваат да развиваат музичка дејност и артисти како Единствена опција (Skeetara и Слаткаристика), Засекогаш на своето (Пикси и Нено), Dj Boogieman, MAC AD, Slon the PIMP, Viksa Six Killa, Danny Boy, ПКМ, Тоце.

Музичката продукција се подготвува од страна на Човекот X и Деко, Браќа по крв, Marija4i, Skeetara, MAC AD и др. Музичките записи се прават во студиото на Арена рекордс – „Арената“, кое е лоцирано во Скопје и комплетно уредено со современи музички технологии и опрема, а истото располага со: „глува соба“ со изолација и микрофони за записи на вокали, работна соба со компјутерска опрема, миксети и професионално студиско озвучување, креативна соба и санитарни простории.

**Соработки со артисти од земјата и странство**

Во својата музичка дејност, артистите од Арена рекордс остваруваат поголем број на соработки со артисти од земјата и странство. Најчесто овие соработки произлегуваат покрај сценските настапи во различни градови во земјата, како и клубски и фестивалски настапи во соседните земји. Како позначајни соработки на Арена рекордс со артисти од земјата ќе ги споменеме следните: Snoopy Mc, Темната страна, Тец, Кец, Kemp OD, Против сите, Ерол, 2 Shkupi Flow, Dj Goce, Урбана димензија, Тутори, Чалдисани, Сара Мејс, Aggressive, Били Звер, Жетвар, Dj Pozitiv и др.

Од соработките со артисти од странство ќе ги издвоиме следните: Phap (Франција); Evening Star, Furious Family (Германија); Lorenss (САД); Ударната група, D Flow, Димна завеса, Квартални братја, Бобо, Спенс, Dj Stancho, Dj UG, DRS, Сарафа, Хората от гетото, Спенс (Бугарија); Sifu Versus (Грција); Juice, Janzoo, Beogradski Sindikat (Србија); EESS (Полска); Panchas Psycho (Мексико), Buli (Косово) и др.

**Видео продукција**

Промовирањето на официјалните албуми од артистите во Арена рекордс вклучувало и изработка на видео записи, кои во тој период се прикажувале на националните телевизии МРТВ, А1, Телма, Сител,

Канал 5 и др. Покрај националните телевизии, овие видео записи се прикажуваат и на телевизиите во странство како ММ ТВ во Бугарија, MTV Adria за земјите од Бивша Југославија и др. Артистите од Арена рекордс имаат изработено повеќе од 20 видео записи во соработка со повеќе режисери. Како позначајни соработки ќе ги издвоиме следните режисерски имиња:

Зоран Петровски (9 видеа): „Од Скопје до Софија", „О не", „Убијци со микрофонот", „Кој е кој", „Брм брм", „Бам бам", „Shkupi represente", „Внимание", „ПКМ е тука";

Радостин Сабев (5 видеа): „Рапери во криза", „Песна од душа", „Пријател", „Лево десно", „Песна за Ивче Живче";

Игор Димчевски (5 видеа): „На облаците", „Фанови", „Еј диџеј", „Ова е Скопје", „Македонски синови".

**Промоција на албуми**

Со цел промовирање на официјалните изданија од артистите во Арена рекордс се организирале промоции во различни угостителски објекти како барови и дискотеки. За промоционалните настани често се печателе флаери и плакати, а се организирала рекламна кампања на телевизии, радија и весници, како и веб страни (вклучувајќи ја и официјалната интернет страна arenarecords.com.mk). На промоциите на албумите се одржувале презентации на албумиите и истите биле проследени со настапи во живо како и настапи на диџеи. Тиражите во кои се печателе албумите (цедињата со омот) се движеле во рамките на 200-1000 примероци, а истите на промотивните настапи најчесто се добивале „гратис" со купување на влезница или конзумација на пијалаци.

**Анализа на официјални и неофицијални изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс**

Во текстот подолу е направен преглед на официјалните и неофицијалните изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс. За подобра прегледност, изданијата се презентирани табеларно, а во прилог се дадени имињата на артистите, насловите на албумите, годината на издавање, како и насловните страни на изданијата (омоти).

**Табела 1.** Официјални изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс

| | **Артист** | **Наслов на албум** | **Година** | **Омот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Various Artists | *The Godfather* | 2004 |   |
| 2 | Клан Исток | *Првиот удар* | 2005 |   |
| 3 | Единствена опција | *Рап тврдина* | 2005 |  |
| 4 | Пука козметика | *Да ви го напука* | 2006 |   |
| 5 | Браќа по крв | *ВОД: Албумот* | 2007 |  |
| 6 | Various Artists | *Од самрак до зори* | 2007 |   |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Шошо и Деко | *Жеѓа* | 2008 |  |
| 8 | Клан Исток | *Отворена сезона* | 2013 |  |
| 9 | Кељави глави | *Кељави ѓлави* | 2015 |  |

**Извор**: https://www.discogs.com/label/1005635-Arena-Records-9?page=1 (Пристапено на 10.4.2024)

Од табелата 1, може да се забележи дека во периодот 2004-2015 година, официјалните изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс се вкупно девет. Од нив, едно е во 2004 година, две се во 2005 година, едно во 2006 година, две изданија се во 2007 година и по едно издание во 2008, 2013 и 2015 година. Музичкиот опус на официјалните изданија од Арена рекордс изнесува 9 албуми на артисти и групи, од кои два се компилациски албуми.

**Табела 2.** Неофицијални изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс

| | **Артист** | **Наслов на албум** | **Година** |
|---|---|---|---|
| 1 | Човекот X и Деко | *Нема рап во Македонија* | 1999 |
| 2 | Деко | *Зградата на лудиот стил* | 2003 |
| 3 | Видо | *Зелена Македонија* | 2003 |
| 4 | Засекогаш на своето | *Албумот* | 2005 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Човекот Х и Деко | *Лавови во бетонска џунгла* | 2005 |
| 6 | Buli | *Rap епету* | 2006 |
| 7 | Various Artists | *Арена фанкерици* | 2008 |
| 8 | ПКМ | *Сега или никогаш* | 2010 |

**Извор:** Спроведено интервју со Стојан Каевски – Човекот Х (9.5.2024)

Од табелата 2, може да се забележи дека во периодот 1999-2010 година, неофицијалните изданија на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс се осум на број, вклучувајќи еден компилациски албум. Од нив, едно е во 1999 година, две се во 2003 година, две изданија се во 2005 година, а по едно издание има во 2006, 2008 и 2010 година.

Музичкиот опус на официјални и неофицијални изданија од Арена рекордс во периодот 1999-2015 година вклучува 17 албуми на артисти и групи, од кои три се компилациски албуми.

**Заклучок**

Музичките издавачки куќи или лајбели (бренд поврзан со музичка или видео продукција кој настапува на пазарот на музичката индустрија), во зависност од нивниот обем на работење можеме да ги поделиме на два основни вида: големи издавачи (major label) и независни издавачи (independent – indie label). Големите издавачи вообичаено се сметаат за „конзервативни компании" изградени околу строги правила и продажен потенцијал, со можност да потпишат повеќе артисти и да потрошат повеќе пари за маркетинг и промоција од независните издавачи. За големи издавачи во изминатите неколку декади се сметаат следните: Universal Music Group, Sony Music Entertainment и Warner Music Group, кои контролираат повеќе од 70% од музичката индустрија. Независните издавачи се основаат како одговор на оваа констелација и работат независно од големите издавачки куќи кои доминираат на мејнстрим музичките пазари. Во денешно време, во ерата на глобализацијата и напредните технологии, сѐ поголем број на артисти користат различни платформи за директна комуникација со консументите и понуда на музичката продукција, со што улогата на издавачките куќи во музичката индустрија и музичкиот пазар значително се намалува.

Во урбаните центри во Македонија, хип-хоп културата започнува да навлегува во 80-те години на минатиот век, а на почетокот

на 90-тите години се започнува со посериозно работење на полето на хип-хопот. Кон средината на 90-те години започнуваат да се појавуваат и првите музички продукциски и издавачки куќи. Во Македонија, музичките издавачи кои се занимаваат со хип-хоп музичка и видео продукција се незавсни, а покрај Арена рекордс можеме да ги наведеме и: Ошав продукција, Шурикен рекордс, ДНС продукција и др.

За потребите на трудот, покрај секундарните извори на податоци, како примарни податоци се користат информациите од спроведено интервју кои се однесуваат на историскиот развој на независниот хип-хоп издавач Арена рекордс, соработките со артисти од земјата и странство, официјалните и неофицијалните изданија, музичката и видео продукција, промоцијата на албумите и др. Од добиените информации од интервјуто може да се направат следните позначајни заклучни согледувања:

Во 1996 година, Човекот Х го основа независниот хип-хоп издавач Арена рекордс. Името на овој издавач произлегува од насловот на снимената песна „Човекот во арената". Логото на овој издавач – профил на змеј во округла форма, доаѓа како инспирација од популарната боречка видео игра Mortal combat. На почетокот, во Арена рекордс музички записи започнуваат да прават следните групи и артисти како: Човекот Х и Деко, Браќа по крв, Поинаков стил (Borolakaz, Marija4i, Видо), Пука козметика и др. Подоцна се формира групацијата Клан исток (Човекот Х и Деко, Браќа по крв и Поинаков стил), а во Арена рекордс започнуваат да развиваат музичка дејност и артисти како Единствена опција (Skeetara и Слаткаристика), Засекогаш на своето (Пикси и Нено), Dj Boogieman, MAC AD, Slon the PIMP, Viksa Six Killa, Danny Boy, ПКМ, Тоце.

Во својата музичка дејност, артистите од Арена рекордс остваруваат поголем број на соработки со артисти од земјата и странство. Најчесто овие соработки произлегуваат покрај сценските настапи во различни градови во земјата, како и клубски и фестивалски настапи во соседните земји.

Промовирањето на официјалните албуми од артистите во Арена рекордс вклучувало и изработка на видео записи, кои во тој период се прикажувале на националните телевизии како и на телевизиите во странство.

Со цел промовирање на официјалните изданија од артистите во Арена рекордс се организирале промоции во различни угостителски објекти како барови и дискотеки. За промоционалните настани често се

печателе флаери и плакати, а се организирала рекламна кампања на телевизии, радија и весници, како и веб страни

Музичкиот опус на официјални и неофицијални изданија од Арена рекордс во периодот 1999-2015 година вклучува 17 албуми на артисти и групи, од кои три се компилациски албуми.

**Литература:**


Ковилоски, А. & Ковилоски, С. (2005). *Асӣекѿи на макеgонскаѿа урбана кулѿура: Хиӣ-хоӣ Макеgонија.* Скопје: Современост.

den Drijver, R. & Hitters, E. (2017). "The Business of DIY. Characteristics, motives and ideologies of micro-independent record labels". *Cadernos de Arte e Antropologia,* 6 (1), 17-35.

Hearn, J. (2009). "The representation of major and independent record labels in Billboard Magazine". *Journal of the Music & Entertainment Industry Educators Association,* 9 (1), 113-132.

Hutchison, T., Macy, A. & Allen, P. (2010). *Record label marketing.* Oxford: Elsevier.

Maeda, M. (2012). *How to open & operate a financially successful independent record label.* Ocala: Atlantic Publishing Group.

Miszczynski, M. & Helbig, A. (2017). *Hip hop at Europe's edge: Music, agency, and social change.* Indianapolis: Indiana University Press.

Preece, I. (2020). *Listening to the wind: Encounters with 21st century independent record labels.* London: Omnibus Press.

Sadler, N. (2021). *The label machine: How to start, run and grow your own independent music label*. London: Velocity Press.

Schwartz, D. (2009). *Start & run your own record label.* New York: Billboard Books.

**Dejan Metodijeski, PhD**

# MUSICAL OPUS OF ARENA RECORDS INDEPENDENT HIP HOP LABEL

(Summary)

In the existing literature, there are several criteria for classifying music labels, and depending on their scope of work, we can divide them into two basic types: major labels and independent labels. In the urban centers of Macedonia, the hip hop culture began to emerge in the 1980s, and in the mid-1990s the first labels started to appear. The purpose of the paper is to analyze the musical opus of the independent hip hop label Arena Records. For the needs of the paper, secondary sources of data were used by consulting relevant literature and the Internet. In addition, information related to the historical development of the independent hip hop label Arena Records, collaborations with artists from the country and abroad, official and unofficial releases, music and video production, album promotion, etc. was collected through an interview. Research for the paper shows that the musical opus of Arena Records official and unofficial releases in the period of 1999-2015 includes 17 albums by artists and groups, three of which compilation albums.

**Keywords**: Hip hop, Macedonia, label, Arena Records.